**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 0901/26-03/3
**14.05.2024**година
Радовиш

| ООУ„Гоце Делчев“ с. Босилово | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 31.01 -02.02.2024 |
| **Број на извештај:** | 0901/26-03/2 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Викица Манолева Петрова |
| **Вид на училиштето:**<br>**Основач на училиштето:** | Основно училиште<br>Општина - Босилово |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 338 |
| **Полова структура на ученици:** | 171 машки и 167женски |
| **Број на наставници:** | 42 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Стојан Гоцев |
| **Директор на училиштето:** | Стево Божинов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 24-26.09.2018година |
| **Адреса на училиштето:** | С.Босилово |
| **Телефон:** | 0343714-373076250091 |
| **Факс:** | 034 3714-373 |
| **e-mail:** | ou-gocedelchev-bosilovo-bosilovo@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2,78добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Интегралната евалуација во ООУ „Гоце Делчев“ с.Босилово, ја спроведе инспекциски тим од Државни просветни инспектори.

За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор и Совет на родители, Наставничкиот совет, стручни активи, ученички парламент и ученички правобранител.

Инспекторите ги посетија часовите на 35 наставници во одделенска и предметна настава во училиштето.

Воспитно-образовната дејност во ООУ „Гоце Делчев“ - Босилово едобра (2,78).

Констатираното квалитативно ниво е добиено врз основа на увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со наставниците, родителите и учениците, анализата на претходно доставените и коментари, како и од посетите на наставните часови. Од анкетата што беше спроведена со определен број на наставници, ученици и родители како и од разговорите водени со нив, најголемиот број наставници сметааат дека постои работна атмосфера и меѓусебна почит меѓу наставниот кадар, директорот и стручната служба, а самото училиште има делумно соодветни просторни услови и доволно нагледни средства и опрема. Родителите се задоволни од соработката со наставниците и органите на училиштето при добивањето на информации за напредокот на своите деца, како и делумно од хигиената и одржувањето на училниците. Наставата во ООУ „Гоце Делчев“ се реализира во согласност со наставните планови и програми за основно образование, наставата од прво дошесто одделение се реализира согласно новата концепција, додека седмо, осмо и деветто одделение согласно програмата за деветгодишното основно образование. Изборот на изборни предмети го вршат учениците и нивните родители од претходно утврдена листа на предмети, преку анкетирање, при што најчесто се земаат во предвид интересите на учениците и предметите кои не се предходно бирани. Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијатива на наставниците и родителите. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Модијано“ од. С. Босилово., које активен. Училиштето е вклучен во системите на натпревари кои ги организира федерацијата на училишни спортови на Република Северна Македонија. Педагошко-психолошката служба изготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи, споредбени анализи, во кои се дадени детални податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети, извештаи за изостаноци по одделенија со оправдании неоправдани, анализи на општ успех по одделенија, анализи по предмети со највисок и најнизок успех по одделенија и пол како и по наставни предмети со најмногу слаби оцени по одделенија. Како и споредбени анализи по група предмети природно, општествени и вештини (информатика и техничко) користејќи табели и графикони. Училиштето има програма за идентификување на талентирани и надарени ученици. Психологот на училиштето во континуитет врши опсервација и тестирање на ученици за идентификување на бистри и талентирани деца. Преку додатна настава и воннаставните активности учениците постигнуваат резултати на различни видови натпревари. Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од стана на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка со Ресурсни центри (посебни училишта) за обезбедување на поддршка за изработка на индивидуални образовни планови. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците. Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба. Кај поголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Наставниците имаат изготвено планови за реализација на Програмата образование за животни вештини на одделенските часови.Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, на ниво на стручни активи се изготвуваат теми од

тековни настани предвидени во учебната 2023-24 година. Најголем број од наставниците имаат планирања за слободни часови односно слободни активности. Поголем број од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи, и расположливи нагледни средства. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка. Во училиштето има пишана процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби. Неколку ученика се идентификувани од стручната служба и наставниците како ученици со посебни образовни потреби, нема категоризиран ученик. Дел од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите ученици се оценуваат најмалку со две оценки на полугодие, а родителите се известуваат за успехот преку евидентните листови на тромесечје и полугодие и свидетелства на крајот на учебната година. Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, до кој пристап имаат и родителите.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повредина учениците иако има потреба од реконструкција на дел од подрачните училишта. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Тоалетите за наставниците и за учениците се релативно чистии обновени во централното училиште, додека во подрачните училишта потребна е реконструкција и хигиената треба да се подобри. Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста,поведението на секојученик/ученичка. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот наученикот/ученичката, добиени врз основана сопствена проценка. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри, со исклучок на изолирани случаи кои не влијаат на општиот впечаток за училиштето. Раководниот орган и најголемиот број наставници уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за афирмација на училиштето. Училиштето има кодекси на однесување на учениците, наставниците и другите вработени, во кои се регулирани правилата на однесување на сите учесници во воспитно-образовниот процес: ученици, наставници, технички персонал, родители и останати вработени. Дисциплината во училиштето е добра, имајќи го предвид фактот што големиот број од учениците се од различни структури и различни места на живеење, како и евидентната разлика во постигањата на учениците. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува, што придонесува за зголемување на дисциплината во училиштето. Училиштето има сопствена Facebook страна која секогаш е достапна за учениците, родителите и наставниците. Училиштето има систем за наградување на учениците и наставниците кои освојуваат награди на значајни натпревари. Наставниците и другите вработени подеднакво се однесуваат со сите ученици без разлика на полова, етничка припадност и социјално потекло. Во училиштето има мал број на ученици од различни етнички заедници и тоа: 60 турци. Советот на родители како една од битните форми на соработка помеѓу училиштето и родителите редовно одржува состаноци на кои се расправа за учениците и учењето. Училиштето остварува соработка со Локалната заедница, учествува на манифестации во чест на општината, зема учество во акции организирани од страна на Локалната самоуправа. Учествува во програми од локален карактер. Соработката помеѓу родителите и училиштето е добра. Родителите во работата на училиштето учествуваат преку законските форми на учество и тоа Совет на родители и Училишен одбор. Училиштето има добра соработка со Локалната самоуправа. Соработката со локалната заедница е интензивна, особено со културните и образовните институции и работа и учество во проекти. Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во осумзгради, сопственост на ООУ „Гоце Делчев " – о.Босилово. Хигиената во училиштето и училишниот двор делумнозадоволува.

Санитарните јазли кои ги користат учениците делумно ги задоволуваат потебите на учениците за работа во една смени и хигиената во нив релативно добра.

Централното училиштето е обезбедено со видео надзор, додека во подрачните училишта нема. Училиштето е снабдено со ИКТ опрема во еден кабинета по информатика и тоа 8 компјутери во централното училиште, 7 компјутери во училница, 1 во канцеларијата за наставници, 1 во канцеларијата на директорот, 1 во канцеларијата на секретарот, по 2 во библиотеката и во

стручнната служба, и во ПУ во Еднокукево 1 компјутер. Во училиштето има: 3 - смарт табли и тоа 2 во централното училиште и 1 во ПУ во с. Петралинци, 3 - ЛЦД проектори, 8 телевизори поврзани со комјутери со писибокс, 6 – печатачи од кои2– се големи и истовремено се ифотокопири и нагледни средства за реализирање на наставата по предметите.

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Работата на целиот наставен кадар во целост се следи од страна на директорот и училишниот психолгот и педагогот.

Училиштето има психолгот и педагогот кои како стручни соработници придонесуваат за успешна реализација на целокупниот воспитно-образовен процес.

Стручните соработници во својите програми за работа планираат и спроведува разновидни активности за работа со учениците и родителите и наставниците.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на ментори при реализација на приправничкиот стаж.

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор се констатира дека училиштето има финансиски план и план за јавни набавки за тековната годин за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето. Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам. Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основнотоучилиште. Активностите во програмата за работа на директорот за тековната учебната година се насочени кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието, административно-организаторско и педагошко-инструктивно работење. Ефективно раководи со вработените, работи тимски и има изграден професионален однос и авторитет. Соработката со локалната самоуправа е на посакуваното ниво. Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Годишна програма. Програмата- план за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основнообразование. Училиштето има Програма за професионален развој на вработенитекако дел од годишната програма на училиштето.

Советот на родители бил функционален и за време на onlline наставата, Уредно ги свикуваат состаноците и сите членови се легитимни. На состанокот родителите не истакнаа некој проблеми кој директно се поврзани со воспитно-образовниот процес, освен проблемот со дотраените учебници, немањето учебници. За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со (дел. број. 01-153/1 од 14.06.2023), и истата е усвоена од Советот на општина Босилово. Училиштето има програма за меѓуетничка интеграција и има партнер училиште ООУ „ВидеоПодгорец“ - Колешино. Предвидените активности и содржини ги реализира со ученици од мкедонска националност и ученици од турска националност од партнер училиштетоо д Колешино. Директорот на основното училиште има формирано инклузивен тим 09-82/1 од 14.03.2022 и него го сочинуваат: психолог, педагог, предметен наставник, одделенски наставник, директор на училиштето, двајца родители на ученици

Училиштето има изработено Самоевалуација, со (дел. бр. 10-46/1 од 30.01.2024 година ,за период од 2024-2026.

Училиштето има изработено План за развој на училиштето, со (дел. бр. 10-47/1 од 30.01.2024година), за период од 2024-2028 година.

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште „Гоце Делчев“ во с.Босилово претставува централноосновно училиште со опфат на ученици од неколку села и тоа:Едникукево, Робово, Гичерлија, Сарај, Дрвош, Старо Балдовци од I до V одделение и во с.Петралинци од I до IX одделение.

Училиштето започнало со работа во 1926 година. Дејноста на училиштето е верификувано со Решение од МОН (Решение бр. 03-97/1 од 17.06.1986 и Решение за основање на училиштето со деловоден бр. 11-2562/1 од 10.06.1986 год.).

Во училиштето се работи според наставни програми и планови за Основно образование за ученбата 2023/24 година. Настава во сите девет години од основнотообразование се реализира во 32 паралелки и ја реализираат 45 наставника.

Наставата по ФЗО се организира во адаптиранапросторија и асфалтиран надворешен терен. Во стручната служба се вработени психолог и педагог, а во библиотека не е ангажиранбиблиотекар, библиотеката ја водат два наставника по македонски јазик со полн фонд на наставни часови, бидејки училиштето нема согласност за вработување на библиотекар. Училиштето има изготвено Годишна програма за работа на училиштето која е усвоена од Советот на Општина Босилово акт бр. 01-153/ од 14.06.2024 година. Училиштето е упишано во централен регистерод 30.12.1973 година. Од тековна состојба на правното лице, издадена од Централен регистар канцеларија Струмица, субјектот е заведен како ООУ „Гоце Делчев“ – с.Босилово – Општина Босилово со даночен број 4027978105920 и ЕМБС 4045769

Училиштето има изготвено Статут со (дел.бр. 01-173/1 од 09.07 2019 година), за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје

Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација за Правилникот на внатрешна организација на училиштето - Систематизација, со арх.бр. 01-18/2 од 16.07.2019 година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ „Гоце Делчев“- Босилово, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ,трето, четврто и петто одделение се реализира согласно концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година. За реализација на наставните програми за учениците се обезбедуваат бесплатни учебници изготвени од Биро за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Обновувањето и доставувањето на потребниот број на учебници кои треба да бидат во добра состојба, не се постигнува целосно, односно Министерството испорачува дел од учебниците, кои се во дотраена состојба.

Во училиштето се реализира програмата Образование за животни вештини, со вкупен фонд од 36 часа. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници, согласно Прирачникот, а само дел од наставниците водат уредна документација за реализација на содржините. За реализација на наставата во прво, второ, трето, четврто и петто одделение согласно новата концепција за основно образование, училиштето има обезбедено таблети за користење на дигиталните учебници, два компјутериво библиотека, еден лап топ во библиотека во централното,а во подрачните училишта, бројот на таблети за користење на дигитални учебници не задоволува. Наставната програма по физичко и здравствено образование во централното училиште во зимски услови се изведува во адаптирана просторија за изведување на настава по ФЗОи на отворен спортски терен со повеќенаменско игралиште за кошарка, ракомет, одбојка и фудбал во поволни временски услови. Во подрачното училиште во с.Сарај, с.Дрвош, с.Еднокуќево и с.Петралинци наставната програма по физичко и здравствено образование се одвива во отежнати услови, подрачните училишта немааат спортска сала и адаптирана просторија за изведување на часови по ФЗО, при што најчесто се користат отворените спортски терени кога условите го доволуваат тоа, додека во с.Гечерлија, с.Старо Балдовци и с.Робово училиштата не располагаат со отворени спортски терени во состав на училишниот двор. Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, facebook страница) да ги информира учениците и родителите како и сите други што бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција.

Во училиштето нема категоризирано ученици со посебни образовни потреби каласифицирани според Меѓународната класификација на функционирање донесена од Светската здравствена организација, додека од страна на наставниците идентификуван е еден ученик со потешкотии во учењето вклучен во воспитно-образовниот процес и за истиот ученик не е формиран инклузивен тим, бидејќи училиштето нема согласност од родителите на ученикот. На ниво на училиште е формиран Училишен инклузивен тим (Одлука бр.09-82/1 од 14.03.2022 год. од директор на училиште). Училишниот инклузивен тим има изготвено Програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, НВО, локалната средина. Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.Училиштето нуди повеќе од три (3) изборни предмети, според наставниот план. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од понудени дванаесет предмети во четири подрачја во IV и V одделение, додека во VI одделение се понудени дванаесет наставни предмети од четири подрачја, од VII до IX одделение се понудени три наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото Упатство - Водич за слободни изборни предмети. Стручната служба со директорот изготвува извештај со изборни предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година. Училиштето не реализира проширена програма и училиштето нема податок дали родителите имаат потреба училиштето да организира проширена програма за учениците кои имаат потрба од истата.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Стручната служба во училиштето нема направено посебни истражувања за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми. Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, учество на трибини, предавања, конкурси и натпревари. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Од учебната 2014/2015 година училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образование (УСАИД). Во 2019 година училиштето има потпишано Меморандум за партнерство со ООУ „Видое Подгорец“ Колешино, општина Ново Село. Во рамки на Годишната програма училиштето има планирано заеднички и самостојни МИМО активности, но училиштето во мал број има организирано заеднички МИО активности со партнер училиштето. Училиштето не аплицира за грантови од МОН и самостојно во рамките на своите можности издвојува средства за реализација на заеднички и самостојни МИО активности. Училиштето во рамки на наставните програми реализирасамостојни МИМО содржини. Училиштето има интегрирано еколошки содржини од еколошката програма во планирањата по наставни предмети, согласно програмата и планот на активности. Поголем број од наставниците ги интегрираат овие содржини во своите тематски планирања.

Квалитетот на планирањата на наставниците не се следи систематски од страна стручната служба. Стручната служба има изготвено евидентни листи со инструменти за исполнетост на дидактички барања за планирањата, но постапката не се спроведува во целост. Училиштето разгледува мислења за наставните планови и програми преку формалните органи. Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барања од родители, наставници или врз основа на согледаните потреби на локалната средина до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира, и дел реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците. Покрај воннаставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности, хуманитарни акции за ученици од училиштето, при одбележување на меѓународни денови,на празници и други општински манифестации други општински манифестации. Мал број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето во рамките на своите можности обезбедува услови за вклучување на ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Во минатата година учениците учествувале на: поетски читања, посета на градска библиотека, посета на градски музеј и општинска галерија, учествувале на локални манифестации, Новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на Патронен празник, Велигденски базар.

Во училиштето се реализираат во мал број слободни ученички активности со предходно изготвени програми за работа на секциите.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствени афинитети. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Учениците членуваат во следните секции: спортска секција, ликовна секција, хор и оркестар, литературна секција, рецитаторско-драмската секција, математичка секција, секција по биологија и хемија.

Училиштето има планирано ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите во учебната 2021/2022 година не се реализирани од причина на пандемијата Covid 19, додека во учебната 2022/2023 реализирани се предвидените екскурзии согласно Годишната програма за екскурзии на

училиштето. Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/204 година се планира да се реализираат еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија како и настава во природа и за истите училиштето има добиено позитивно мислење од Совет на општина Босилово и БРО.

Ученичката заедница на ниво на училиште во рамки на својата програма планира и реализира мал број активности со општествено-корисен карактер, рекреација, грижа за здравјето на учениците, подобрување на успехот и дисциплината на учениците, а поддршка добива од стручната служба во училиштето околу организирање и спроведување на активностите.

Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците учествуваат на натпревари што се организираат на локално, регионално и државно ниво. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи расположливите интернет ресурси, локални медиуми и facebook-страна на училиштето.

Училиштето има формирано УСК„Модијано“- Босилово, со Решение дел.бр. 08-904/1/4 од 22.13.2019 година, кој е активен и реализира разни спортски активности : велосипедизам, кроз спортови, планинарење и скиење.

# 2.ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според наставни предмети, паралелки и пол. Од извештаите и анализите може да се констатира дека средниот успех на учениците во последните три учебни години изнесува: за учебната 2020/2021 година среден успех на учениците изнесува 3,96; за учебната 2021/2022 година средниот успех изнесува 4,1 и за учебната 2022/2023 година средниот успех е 3,93.

Училиштето планира, но не превзема активности за подобрување на постигањата на учениците. Стручната служба врши анализа, но недоволно превзема конкретни активности поврзани со советување на учениците и родителите за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици и учениците кои имаат тешкотии во учењето, но нередовно го следи нивниот напредок. Поддршката на учениците што имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави од страна на наставниците кои избираат активности соодветни на нивните можности и потреби,помагајќи им при учењето, поучувањето, социјализирањето и постигнувањето на подобри резултати, додека поддршката од страна на стручната служба е делумна.

Во последните три учебни години учениците на општински натпревари освоиле 9 први места, 8 втори места и 8 трети места; на регионални натпревари 13 први места, 8 втори места и 3 трети места; на државни натпревари 1 прво место и 3 трети места.

Во текот на целата учебна година, дел на наставници во училиштето реализираат дополнителна настава по предмети за кои учениците појавуваат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области.Наставниците водат интерната педагошка евиденција при реализација на дополнителната и додатната настава. Училиштето има пропишана политика и го следи преминот на учениците од петто во шесто одделение, но не и за учениците во прва година средно образование. Училиштетоја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, но неги следисистематски постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава и од еден во друг период, изготвува извештаи, а за ученици во прва година средно образование не располага со споредбени показатели за успехот и поведението на ученици кои преминале од основно во средно образование. Училиштетоорганизира воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Мал број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на развојот на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење и постои етничка, родова и социјална рамноправност.

### 2.2. Задржување, осипување на учениците

Училиштето ги опфаќа училишните обврзници од Босилово и населените места с.Робово, с.Еднокуќево, с.Сарај, с.Старо Балдовци, с.Гечерлија, с.Петралинци и с.Дрвош.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето секоја година од службите во локалната самоуправа ги добива податоците за учениците од својот реон кои треба да се запишат во прво одделение. Училиштето има изградена политика за запишување (соопштение за упис на деца во прво одделение, известување до родител/старател со потребните податоци за упис на децата во прво одделение, посети на семејства, соработка со надлежните установи) и презема активности да ги запише сите деца од својот реон. Училиштето добива информација за децата кои со родителите се заминати во странство и имаат целосни информација за сите деца дали се опфатени со основно образование.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, но активностите што ги превзема за намалување на бројот на изостаноци не се засновани на анализи. Во учебната 2020/2021 година просечниот број на изостаноци изнесува 10,01 по ученик од кои 6,77 се оправдани и 3,24 се неоправдани по ученик. Во учебната 2021/2022 година, просечниот број на изостаноци изнесува 14,51 по ученик од кои: учениците имаат 13,95 оправдани и 0,56 неоправдани по ученик. Во учебната 2022/2023 година просечниот број на изостаноци изнесува 11,75 по ученик од кои 11,35 се оправдани и 2,49 се неоправдани по ученик. Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во основните училишта и Законот за основното образование.Училиштето реализира советувања на родителите, поседува документација за советувањата на родителите, известува надлежни институции, но не се врши анализи на резултати од советувањето. Во последните три учебни години остварено е вкупно едно индивидуално советување на родител во учебната 2021/2022 година по основ на намален успех на ученик.За советувањата на родителите училиштето води евиденција. Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчести причини за намалувањето на бројот на ученици е преселување од едно на друго место на живеење и иселување во странство.Во учебната 2020/2021 година нема ученици кои се испишале од училиштето, во учебната 2021/2022 година испишани се 3 ученици, додека во учебната 2022/2023 од училиштето се испишале 9 ученици поради преселување во странство. Училиштето ја следи и почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште и води педагошката евиденција и документација. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно-образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на учениците

Во училиштето се детектираат причините за успехот на учениците но недоволно се превземаат мерки за подобрување на состојбата/успехот кај учениците Во изминатите три години во училиштето нема ученици кои ја повторувале годината.Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување и наградување и со првото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот од учебната година, како и при задржување во истото одделение/ повторување на учебната година. Во последните три години нема родител/ старател кој го искористил правото на жалба.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирање на наставниците

Во училиштето има утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Училиштето остварува соработка со Ресурсни центри (посебни

училишта) за обезбедување на поддршка за изработка на индивидуални образовни планови иако во училиштето во моментот нема категоризирано ученик, а за еден ученик е во процедура категоризацијата. Најмногу еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците.

Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава. Имаат изготвени и доставени годишни и тематски планирања кај стручната служба. Кај поголем број наставници планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Наставниците имаат изготвено планови за реализација на Програмата образование за животни вештини на одделенските часови.Во планирањата се интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на стручни активи се изготвуваат неделни планирање кои опфакаат сценарија по наставни содржини од наставните предмети за концепцијта од I до VI одделени.

Наставниците изготвуваат дневни подготовки за час и кај поголем број наставници подготовките ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, а по новата концепција наместо дневни подготовки изготвуваат сценарија за час. На ниво на стручни активи изготвуваат инструменти за следења на постигнувањата на учениците по ниво и по теми. Не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето. За поефикасно планирање и реализирање на наставните часови, училиштето дава стручна поддршка преку индивидуален пристап со наставници, на стручни активи и на наставнички совет.

Наставниците планираат и разменуваат идеи и искуства на ниво на стручни активи и со колеги од други училишта.

Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за редовна настава како и за додатна и дополнителна настава и слободни активности. Распоредот за наставата од I до IX е јавно истакнат и објавен во училиштето. Распоредите за додатна, дополнителна настава како и за слободните активности е истакнат во училиштето.

## 3.2 Наставен процес

Дел од наставниците ја реализираат наставата применувајќи интерактивни наставни форми и методи, и расположливи нагледни средства, помал дел сеуште работат со класични методи и форми. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со целата паралелка. Дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. На располагање на наставниците се 2 интерактивни табли, 3ЛЦД проектори, 5 принтери од кои 3 се големи и истовремено секопир , 9 телевизори поврзани со компјутери кои наставниците си ги носат и интернет се со цел да може да се модернизира наставата со примена на современи методи и техники.

Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголем број од наставниците е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број наставници успеваат да создадат активна и динамична работна атмосфера.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, социјално потекло, етничка припадност. Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на директорот и стручната служба. Најмалку еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. По посетата на час се разговара со наставниците и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

## 3.3 Искуства учениците од учењето на

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е делумно уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер. Има изложени трудови на учениците.

Учениците сметаат дека на поголем број од наставните часови се учи на интересен начин и можат да учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење се зема во предвид при решавањето на проблеми и одлучувањето. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Училиштето посветува внимание на образовните потреби на учениците и превзема активности за подобрување на успехот на учениците. Со цел задоволување на образовните потреби на учениците делумно се организира додатна настава за учениците кои покажуваат посебен интерес кон одреден наставен предмет и тоа само пред натпревар, за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на одреден предмет се организира дополнителна настава од страна на неколку наставника. Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку пријава за упис во училиштето и спроведената анкета за избор на подрачје и изборни предмети, Има пишана процедура за идентификување и работа со ученици со посебни образовни потреби, повеке ученици се ученици со посебни образовни потреби од кои. Во училиштето во соработка со родители, ученици, наставници се реализираат работилници, културно забавни манифестации, хепенинзи, академија и учениците земаат учество во сите општински манифестации организирани од страна на Општина Босилово и во Општина Струмица.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува пропишаните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Наставниците при оценувањето најчесто користат писмени работи, контролни тестови, практични вежби, наставни ливчиња како и усно испрашување. Поголем број од наставниците водат интерна евиденција за присутноста, активноста на часовите, прават збирка на ученички изработки (тестови, наставни листови, проекти). Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. Дел од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата. Наставниците доволно ги користат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Сите ученици се оценуваат најмалку со две оценки на полугодие, а родителите се известуваат за успехот преку евидентните листови на тромесечје и полугодие и свидетелства на крајот на учебната година.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информацииите за паралелката во целина) и индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови). Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, до кој пристап имаат и родителите. Во електонскиот дневиг се внесуваат сите оцени на учениците (тромесечие, полугодишна, второ тромесечие и годишна оцена). За учениците кои се описно оценети се внесени описните осени. За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител преку меил или со добивање на смс пораки. На состанокот со активите наставниците ја истакнаа потребата од физички дневник порадо практичноста.

## 4. Поддршка на учениците

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се реализираат според планираното. Учениците се чувствуваат безбедни надвор од училиштето. Но покрај училиштето поминува реионален пат на кој има прометен сообраќај и истиот претставува потенцијална опасност за учениците.

Наставата во училиштето се изведува во пространи и осветлени училници соодветни на училишните стандарди. Инфраструктурата е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Училишниот двор е ограден, со патека до училиштето, паркинг простор и зелена површина која е целосно хортикултурно уредена, простор безбеден за движење на учениците.

Во училиштето има двајца обучени наставника за давање прва помош на учениците и вработените при несреќни случаи. Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи и има мислење од Дирекција за заштита и спасување. Училиштето има извршено вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода во училиштето е спроведена во учебната 2022/23 година. Во училиштето на видно место е поставена Шема за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди и означен е правецот на движење на учениците и вработените.

Во училиштето се поставени 2 противпожарни апарати во централната зграда и 5 апарати во подрачните училишта, кои редовно се сервисираат. Последо сервисирање е извршено на 07.09 .2023 година. За заштита од пожари, во училиштето има поставено два хидранти во централното училиште. Училиште има обезбедено со 8 камери за видео надзор (внатрешен и надворешен видео надзор). Во подрачните училита нема камери.За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците по утврден распоред кој во целост се почитува. Училишната зграда и учениците се осигурани преку осигурителна компанија "Уника АД Скопје“, ИКТ опрематата во училиштето и вработените се осигурани преку истата компанија. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците се вклучуваат родителите. Училиштето има донесено пишани документи – Куќен ред и Кодекси за однесувањето на наставниците, стручните соработници и учениците. Документите се достапни за сите и постои пишана процедура за постапување во случај на кршење на правилата. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со појавата на различни облици на насилство. Најголем број од вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Стручните соработници, одделенските раководители и родителите се во постојана комуникација и соработка, делуваат превентивно при секој обид за насилно однесување од страна на ученици. Училиштето има донесено Програма за превенција и намалување на насилство во училиштето. Од страна на стручните соработници со учениците се организираат превентивни работилници на теми: „Справување со насилничко однесување“ и „Разрешување

конфликти“. Во училиштето досега не се евидентирани форми на насилно однесување помеѓу учениците и вработените. На учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки и Законот за основно образование. Учениците, родителите и наставниците сметаат дека училиштето е безбедна средина за учење и работа.

Училиштето води политика за заштита од зависности - пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Секоја учебна година од страна на стручните соработници се организираат работилници за превенција и заштита од зависности. Теми за заштита од зависности се обработуваат на одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини. Во соработка со Секторот за превенција при МВР Радовиш во училиштето се реализираат едукативни предавања за заштита од болестите на зависност-никотин, дрога и алкохол. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење, внесување и консумирање алкохол и наркотични средства.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците со храна се снабдуваат од дома и од околните продавници. Училиштето не обезбедува увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето нема ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот во централното училиште е прилагоден за лица со физички хендикеп, изградена е пристапна рампа и има соодветни санитарни јазли за деца со физичка попреченост. Учениците со потешкотии во развојот се идентификуваат уште при запишување во прво одделение. Училиштето има инклузивен тим како и Програма за работа на инклузивниот тим. Училиштето прави напори да воспостави соработка со Ресурсниот центар ОУРЦ „Св.Климент Охридски“ Ново Село во обезбедување грижа за учениците со пречки во развојот, но од ресурсниот центар нема развиени механизми во давањето помош и грижа за учениците со потешкотии. Има еден ученик со ПОП и тие се следат од страна на стручните соработници и наставниците и ним им се дава целосна поддршка во процесот на учење, но очигледна е потребата од стручно лице образовен асистент.

Училиштето има договорена процедура за евидентирање на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонваставни активности што бараат вложување на дополнителни средства. Се организираат собирни акции за обезбедување храна и облека од страна на наставници, од ученици како и редовна соработка со Црвениот крст од Струмица.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училниците и ходниците е добра, во санитарните јазли кои се реновирани хигиената е добра.

Ходниците, скалите, подот и мебелот се чистат најмалку еднаш во текот на денот. Дворот во училиштето е хортикултурно уредено, се чисти предниот и задниот дел од училишниот двор од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и истите редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. На одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини се обработуваат теми за влијанието на чистата животна средина врз здравјето на човекот.

Училиштето пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) на сите простории во централното и подрачните училишта. Во учебната 2023/2024 година дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на12 .01.2024 година.

Училиштето ги спроведува активностите кои се во насока на здравствена заштита на учениците, првенствено преку редовни систематски прегледи и вакцинации, а за вработените санитарен и лекарски прегледи.

Во случаи на појава на грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со надлежните институции и ги следи насоките дадени од нив.

Во училиштето се вршат редовни предавања за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност и други содржини.Во рамките на училиштето, во соработка со Црвениот крст- Струмица, Сектор за превенција при МВР“ и стручната служба биле организирани предавања, работилници на тема: „Болести на зависности- никотин, дрога, алкохол , по повод Светскиот ден на детето; едукативно предавање по повод Светскиот ден на храната; предавање на тема: „Превенција и заштита од Ковид 19“, „Унапредување на менталното здравје“.Училиштето

за учениците кои заради хронично заболување или други оправдани причини подолго време отсуствуваат од настава постапува согласно одредбите од Законот за основно образование и има договорена процедура за соработка со родители и локална заедница во таков случај.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности на учениците при изборот на занимањето и професијата за нивно понатамошно образование. Училиштето навремено обезбедува точни и јасни информации за можностите за понатамошно образование. Училиштето, овозможува средните училишта да вршат презентација и користи промотивни материјали од образовните институции. На секој ученик му се дава препорака за неговото понатамошно образование.

Со учениците од IX одделение се спроведува анкети за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците. Училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во средно образование. За учениците со емоционални проблеми води грижа стручната служба. За надминување на емоционалната состојба се организираат средби на учениците со педагогот, се организираат индивидуални средби со родителите и наставниците, а по потреба и центрите за социјална работа, полицијата итн.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои соработка меѓу раководниот кадар, наставниците, родителите и стручната служба за постигањата на учениците. Училиштето изготвува прегледи, анализи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на тримесечја, полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето. Редовно се анализира успехот на паралелката, а статистичките податоци се внесуваат во годишните и полугодишните извештаи за работата на училиштето.За годишните и полугодишните извештаи за работата на училиштето се информираат: Училишниот парламент, Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор.

За постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година. Родителите со постигањата и напредокот на учениците имаат можност да ги следат и преку Е-дневник.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е едно од трите основни училишта во општина Босилово и ги опфаќа,учениците од населеното место Босилово, Еднокуќево, Робово, Петралинци, Дрвош и Старо Балдовци ,мал е бројот на запишување на ученици во други училишта, но и ученици кои доаѓаат од други училишта.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри. Најголем број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Раководниот орган и стручните соработници имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците, стручните соработници и родителите, во кој се регулирани правилата на однесување на: однесувањето на наставникот на часот; односот на наставникот, стручниот соработник и ученикот; односот на наставникот, стручниот соработник и родителот; меѓусебниот однос на наставниците и стручните соработници.

Училиштето има пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците од 10.10..2023 година и Правила на однесување на учениците во училиштето. Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се

изрекуваат педагошки мерки утврдени во Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците и Законот за основно образование.

Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето. Училиштето има донесено Правилник за надомест на штета врз компјутерска опрема, но досега нема евидентирано направена штета врз компјутерската опрема од страна на учениците. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Во претходните три учебни години има изречено многу мал број на педагошки мерки на ученици од централното и подрачното училиште. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување.

Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува делумно. Во училиштето има формирано Ученички парламент, во која членовите се избрани на демократски начин. Ученичккиот парламент има сопствена програма за работа. Членовите на Ученичкиот парламент, редовно ги информираат учениците за активностите кои што се планираат во рамките на училиштето.

Ученичкиот парламент заедно со ученичкиот правобраниел, предлагаат и учествува во донесувањето на одлуки за прашања кои се од интерес на учениците. За реализацијата на содржините од програмата за работа, учениците добиваат поддршка од педагогот и стручната служба во училиштето. Учествуваат во организирање на хуманитарни акции, учествуваат во организација на активности за патрониот празник на училиштето, одбележување на значајни датуми и настани и други активности.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на завршната приредба односно патрониот празник на училиштето (04.05.) и преку Facebook - страната на училиштето. Училиштето прогласува и ученик на генерацијата, согласно критериумитеутврдени во Правилникот за доделување на награди за ученици.

Учениците кои имаат освоено награди, училиштето ги наградува со книги, енциклопедии. Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците каде учат учениците и во ходницитена училиштето. Резултатите од постигањата на учениците се евидентираат во полугодишниот и годишниот извештај.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на Образование за животни вештини. Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло.

Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици. Во училиштето не се опфатени ученици од други етнички заедници. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓетничка интеграција, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, советување на родители.

Од страна на училиштето на родителите им се овозможува да се вклучат во работата на училиштето при организирање на работилници, презентации, прослави, хуманитарни акции. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие.

Училиштето е отворено за соработка со родителите и секој работен ден. Изготвен е рапоред за средба на наставниците од одделенска и предметна настава со родителите. Секој наставник има еден термин во неделата за средба со родителите. Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, а на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители. Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Училиштето перманентно соработува со училиштата од соседните општини преку организирање на заеднички активности, меѓуопштински и спортски натпревари и други активности.

Училиштето има добра соработка со институциите на локалната заедница. Соработува со Црвениот крст во Струмица, околу организирање на хуменитарни акции и заедничка поддршка на семејства од социјален ризик. Училиштето има перманентна соработка со Здравствениот дом од Струмица, од чија страна се организираат систематски и стоматолошки прегледи, вакцинација на учениците.

Училиштето има успешна соработка и со Центарот за култура „Антон Панов“ и библиотеката „Благој Мучето“ од Струмица, Центарот за социјални работи, Агенција за вработување, Министерството за внатрешни работи и Невладини организации. Училиштето има воспоставено добра комуникација и соработка со деловната заедница на училиштето е добра.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Општинското основно училиште „Гоце Делчев“-Босилово се наоѓа во центарот на населеното место во Босилово и инфраструктурно е поврзано со асфалтирани локални патишта. Воспитно-образовната дејност се реализира во централното деветгодишно училиште во с.Босилово и подрачните училишта во селатаЕднокуќево, Робово, Старо Балдовци, Дрвош, Сарај, Гечерлија каде наставата се изведува од прво до петто одделение и с. Петралинци каде наставта се изведува од прво до деветто одделение.

Училишниот простор ги исполнува условите за работа за учениците, наставниците и другите вработени. Условите за работа и просторните услови по училишта е следен: матичното училиште во Босилово според местоположбата обезбедува прифаќање на учениците од самото населено место и во него учат 129 ученици од прво до девето одделение кои учат во една смена. Националниот состав на учениците е: 121 ученици се од македонска националност и 8 ученици се од турска националност. Училишната зграда во Босилово е изградена во 1926 година со површина 1000 м2 и дворна површина од 1430м2. Располага со дванаесет училници, пет кабинети, четири административни простории, архива, библиотека, сензорна соба, помошни просторија за технички персонал и санитарни јазли.

Големината и осветленоста на училниците е соодветна и одговара на бројот на учениците. Видливи се траги од влага на одредени места од надворешната страна на училишната зграда. Наставата по физичко и здравствено образование во зимски услови се реализира во адаптирана просторија во училиштето и на афалтиран спорски терен во училиштето за ракомет, кошарка и фудбал и одбојка. Училиштето и спорските терени се оградени, а дворот еделумно хортикултурно уреден со мали зелени површини. Училиштето има пристапна рампа наменета за лица со физичка попреченост. Во приодот од последната интегрална евалуација до денес во училиштето се направени : училишна библиотека, опремени се кабинетите по природни науки, биологија, хемија и физика, опремен е кабинетот по музичко образование, кабинетот по јазици , историја и географија, направена е сензорна соба за поребите на воспитнообразовната работа во училиштето, реновирана е училницата за учениците од прво одделение, изградени се нови прострории за учениците од подрачното училиште во с.Дрвош како и нова водоводна мрежа за ПУ во с. Сарај.

Хигиената во училиштето е добра, хигиената во санитарните јазли е добра и истите се во доволен број според бројот на ученици, прописно поделени на машки и женски. Затоплувањето на училиштето е со централно парно греење со палети.

Подрачното училиште во с.Еднокуќево се наоѓа во централниот дел од селото во стара зграда од 340 м2, изградена во 1981 година која е во многу дотраена состојба. Покривот, прозорите, подовите и санитарните јазли се во дотраена состојба. Според просторните услови, училиштето во с.Еднокуќево располага со две големи училници за одвивање на наставата, една мала училница, една просторија за наставници, помошна просторија, тоалети за ученици и вработени кои се надвор од училишниот објект. Наставата се одвива во една смена и 43 ученици учат вотри паралелки од кои една чиста паралелка I одделение и две комбинирани паралелки и тоа: II и IV одделение и III и V одделение. Училишниот двор во с.Еднокуќево е со дворна површина од 1641 м2 и истиот не е целосно ограден, оградата е делумно уништена. Хигиената во училиштето и санитарните јазли делумно задоволува. Затоплувањето на училишниот објект е со печки со тврдо гориво-дрва.

Подрачното училиште во с.Робово се наоѓа на почетокот на селотосо површина на училишна зграда од 150 м2 и дворна површина од 2546 м2. Училишната зграда е многу стара изградена во 1862 година и располага со три училници две помошни простории и една наставничка просторија. Тоалетите се надвор од училишнта зграда и хигиената во нив и училиштето е добра. Воспитно-образовната работа ја реализираат два наставника во две комбинирани пралелки со вкупно 9 ученика. Училниците се затоплуваат со печки на тврдо гориво-дрва.

Подрачното училиште во с.Гечерлија се наоѓа во центарот на населеното место во нова училишната зграда направена од тврда градба со вкупна површина од 177м2 и дворна површина од 2568 м2. Според просторните услови училиштето располага со 2 училници , 1 наставничка просторија, тоалет за наставници и тоалет за ученици и пристапна рампа за лица со физичка попреченост. Воспитно-образовната работа се реализира во една комбинирана паралелка во која

настава следат вкупно 10 ученика од прво до петто одделение. Училишниот двор е целосно ограден со тревна површина која редовно се одржува. Хигиената во училниците и тоалетите е добра.Училиштето се затоплува со печки на тврдо гориво – дрва.

Подрачното училиште во с. Сарај се наоѓа во централниот дел на селото во училишен објект направен од тврда градба со површина од 232 м2 и дворна површина од 843 м2. Училиштето располага со пет училници, три помошни простории и една наставничка канцеларија. Наставата ја следат вкупно 48 ученици распределени ви четири пралелки од кои во една паралелка наставата е коминирана. Хигиената во училишната зграда делумно задоволува. Училишниот двор не е уреден и не се одржува редовно. Во состав на училиштето има асфалитано игралиште за реализирање на наставата по физичко и здравствено образование.

Санитарните јазли се наоѓаат надвор од училишниот објект, поделени за ученици и наставници во кои хигиената не задоволува. Загревањето на училниците во училишната зграда е на печки со тврдо гориво-дрва.

Подрачното училиште во с. Старо Балдовци се наоѓа на крајот од селото. Воспитно образовната работа се реализира во нова училишна зграда со вкупна површина од 255 м2 и дворна површина од 1000 м2. Училиштето е делумно оградено. Училиштето располага со три училници, една наставничка канцеларија и тоалети за ученици и наставници кои се наоѓаат во училишната зграда. Настава следат вкупно 25 ученика распределени во две комбинирани паралелки. Хигиената во училишната зграда е добра.Училиштето не располага со спортско игралиште како и адаптирана просторија за изведување на настава по ФЗО. Училишната зграда се затоплува со печки на тврдо гориво- дрва.

Подрачното училиште во с.Дрвош се наоѓа на периферниот дел на селото во кој настава следат 25 ученика во една смена распределени во две комбинирани паралелки. Воспитно-образовната работа се реализира во училишната зграда со вкупна површина од 351 м2 и истата располага пет училници, четири помошни простории, наставничка канцеларија, котлара и тоалети за наставници и ученици во состав на училишната зграда. Наставата ја следат вкупно 25 ученици распределени во две комбинирани паралелки. Трите страни на училишниот објект се оградени.

Хигиената во училиштето е добра. Во состав на училишниот двор е направено асфалтирано спортско игралиште кое е осветлено и наменето за изведување на настава по ФЗО како и адаптирана училница за реализација на настава по ФЗО во состав на училишната зграда.Училишната зграда се затоплува со печки на дрва.

Полното подрачно училиште во с.Петралинци, сместено е на влезот од селото со училишна зграда со вкупна површина од од 367 м2 и училишен двор со површина од 10758м2 каде наставата се реализира во две смени. Во училиштето претпладне се реализира настава со ученици од шесто до деветто одделение, додека попладне се реализира настава од прво до петто одделение. Училиштето од просторни услови располага со со 5 училници, наставничка канцеларија и санитарни јазли кои се во состав на училишниот објект.

Во состав на училишниот двор се наоѓа и оградено мултинаменско асфалтирано игралиште за реализирање на наставата по физичко и здравствено образование. Наставата ја следат вкупно 51 ученици од I до IX одделение, од кои предметна настава следат вкупно 36 ученици, а во одделенска настава следат 15 ученици. Хигиената во училишната зграда задоволува. Училишната зграда се затоплува со печки на дрва.

Во централното училиште се поставени пет противпожарни апарати, по еден противпожарен апарат во подрачните училишта во: Еднокуќево, Робово, Гечерлија и Дрвош и по два противпожани апарати во подрачните училишта во: Петралинци, Старо Балдовци и Сарај и истите редовно се сервисираат. Има вкупно два хидранти во центалното училиште, додека во подрачните училишта нема.

Централното училиште е обезбедено со осум камери за видео надзор (внатрешен и надворешен), а во подрачните училишта не се обезбедени со видео назор. Училишните згради се осигурани преку осигурителната компанија „УНИКА АД Скопје“, ИКТ опремата не е осигурана, додека учениците се осигурани преку осигурителната компанија „Уника АД-Скопје“.

Училиштето иако презема мерки за подобрување на постојната состојба на училишните објекти сепак истите не се доволни за да се подообрат просторните услови и капацитети во дел од подрачните и централното училиште за изведување на наставата и воннаставните активности. Севкупниот амбиент во кој се остварува воспитно-образовниот процес е делумно добар.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со нагледни средства и спортски реквизити делумно задоволува. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства, ги утврдува потребите за наставни средства, материјали и помагала, но нема доволно средства за набавка на истите. Директорот прави напори за набавка на нагледни средства онаму каде што недостигаат согласно можноститеза следење на современите наставни текови за реализирање на воспитно-образовниот процес.

За учениците со посебни образовни потреби, училиштето има обезбедено прилагодени нагледни средства. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Потрошен материјал (хартија, креда итн.) училиштето обезбедува од средства за материјални трошоци од Министерството за образование и наука и локалната самоуправа.Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал.

Училиштето пред почетокот на учебната година, по донесената одлука од страна на наставниците за тоа по кој учебник ќе се изведува наставата, истакнува список на учебници.

За реализирање на наставата училиштето има обезбедено 17 компјутери, 20 таблети, 10 ЛЦД телевизори во централното и подрачните училишта, 2 смарт табли во централното училиште и 1 смарт табла во ПУ во с.Петралинци, 2 ЛЦД проектори , касетофони, музички инструменти, електрично пијано, опрема за озвучување микроскопи, модели на органи за реализирање на наставата по биологија и други наставни средства и материјали како и мал број на спортски реквизити. Компјутерски работни места се поврзани на безжична бесплатна интернет мрежа.

Во училиштето има библиотека за ученици и за наставници во која има услови за престој на учениците и наставниците.Училишната библиотека располага со 8144 книги, библиотечен фонд од различни жанрови, лектирни изданија од I-IX одделение, слободна литература, стручна литература, лексикони, енциклопедии и книги од различен жанр. Согласно бројотна учениците овој фонд на книги во доволна мера ги задоволува потребите на учениците и во секој момент можат да опслужат по 10 наслови.

Во училиштето нема вработено библиотекар. Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите,но сепак постои недостаток од стручна литература и енциклопедии. Библиотечната евиденција во училиштето се води во пишана форма. Книгите се уредно подредени а уредно е подреден и просторот во внатрешноста на библиотеката. Училишната библиотека е достапна на учениците и вработените во текот на училишниот ден.Искористеноста на библиотеката од страна на наставниците и учениците како и нејзината опременост со лектири, стручна литература задоволува. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и вонnаставните активности.Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има вработено наставен кадар и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети во согласност со Законот за основно образование и Нормативот за наставен кадар. Воспитно-образовниот процес го реализираат 42 наставници и 2 стручни соработници.. Од вкупниот број наставници 36 наставници се со завршено високо образование, 4 наставници се со вишо образование, а 2 наставника се магистри на наука.

Наставниците и стручните соработници не доволно се обучени за работа со деца посебни образовни потреби. Не секогаш постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичната обука за нововработените наставници и стручни соработници. Наставниот кадар е квалификуван да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставникот приправник работи наставник со звање ментор согласно изготвена програма за работа на наставник приправник. Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето превзема активности за соодветна замена со цел за целосно остварување на годишниот фонд на часови.

Наставниците работат тимски во рамките на трите стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се зема предвид соодветната квалификација согласно нормативот. Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување, но кај значителен дел недостасуваат вештини за задоволување на различните потреби на учениците.

Стручната служба на училиштето по барање на наставниците им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош, како и помош и поддршка за работа со деца со посебни образовни потреби. Педагогот и психологот во својата програма за работа планираат и спроведуваат активности за работа со учениците и наставниците и се отворени за соработка. Повремено по потреба присуствуват на состаноците со родителите и на отворен ден за родители на ниво на цело училиште. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган. Во случаи на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето делумно ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионалните компетенции за наставници. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот, но нема внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Од разговорите со наставниците и стручната служба е констатирано дека постои потреба од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на нивните компетенции.

Наставниците имаат изработен личен план за професионален развој и најголем број од планираните активности се во согласност со планирани обуки одобрени од Министерството за образование и наука. Училиштето на основа на личните планови изготвува Програма за професионален развој на наставниците. Стручната служба ги следи наставниците, нивните обуки, семинари и други форми на стручно усовршување и професионален развој.Водењето и ажурирањето на портфолијата за професионален развој на наставниците е добро. Наставниците учествуваат на обуките организирани од страна на Биро за развој на образованието и други обуки и семинари одобрени од МОН.

Мал дел од наставниците, покрај предвидените обуки за професионален развој понудени од страна на БРО, посетуваат и други обуки и тоа најчесто он-лајн. Училиштето води грижа за подеднакво вклучување на наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби, но училиштето нема добар систем на дисеминации по реализираните обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие обуки е транспарентен и правичен. Наставниците од I, II,III, IV, V одделение ги имат следено обуките за новата Концепција организирани и спроведени од страна на БРО. Во однос на правилна реализација на Концепцијата, спроведување на предвидените сценарија како и активностите предвидени со годишната наставна програма за кои наставниците следеле обука во текот на учебната 2023/2024 наставниците не се посетени од советник од Биро за развој на образованието.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на законските прописи. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ-Финансиски план за 2024 г. бр. 05-402/20 од 20.12.2023 г. за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење.Училиштето во законски определен рок најдоцна до март 2024 година донесува

Извештај и Завршна сметка за 2023 година која се рагледува и освојува од страна на органите во училиштето. Училиштето работи со две сметки: буџетска -903 и сопствена-787 сметка.

Вработените со финансиските активности на училиштето се запознаени на состаноците на Наставнички совет. Училиштето има донесено План за јавни набавки со архивски број 03-213/2 од 05.7.2023 година и има формирано Комисија за јавни набавки. Јавните набавки за потребите на училиштето ги врши општинската административна служба со обучено лице за спроведување на јавни набавки со електронски аукции.

Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од страна на Училишниот одбор и на крајот од секоја календарска година добива извештај за финансиското работење и активности за финансиската состојба на училиштето. Финансиските средства обезбедени од општината се недоволни за задоволување на потребите за функционирање училиштето, па затоа директорот применувамеханизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства со издавање на простор под закуп на спортското игралиште за турнир во мал фудбал. Буџетските приоритети иако се поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето не се секогаш доволни за предвидување на финансиски средства за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и средства за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Совет на општината. Буџетот се користи наменски за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, безбедни и пријатни услови за работа и престој во училиштето, подобрување на постигањата на учениците како и развој на училиштето во целина.

# 7. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е прилично добро. Училишниот одбор е конституиран согласно законска регулатива и Статутот на училиштето, водејки сметка за родовата и етничката структура на УО. Членовите од Совет на родители, членот од Локална самоуправа и наставниците имаат Решение, но двата претставници од ученичкиот парламент немаат. Новиот состав на УО до денот на надзорот немаат одржано седница.

Училиштето има земено изјави од членовите за доказ дека не се во сродна врска со директорот на училиштето.

Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес. Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на УО.

Работата на УО е транспарентна за поголем дел од вработените, родителите и учениците кога се донесуваат одлуки од интерес за учениците (екскурзии, проекти, правилници, комисии, кодекси

на однесување). Училиштето има изготвено Статут со бр.01-173/1 од 09.07.2019 год , за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје. Советот на родители е конституиран согласно закон и Статутот на основното училиште. Но немаат, изготвена годишна програма за работа и деловник за работа. Изграден е партнерски однос со директорот и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма, анексот на развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето.

Директорот на училиштето е со прв мандат со Решение ,од градоначалникот на општина Босилово,бр.09-2558/2 од 29.11.2023 година. Активностите во програмата за работа на директорот за тековната учебната година се насочени кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието, административно-организаторско и педагошко-инструктивно работење.

Ефективно раководи со вработените, работи тимски и има изграден професионален однос и авторитет. Соработката со локалната самоуправа е на високо ниво.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, доволно е критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Во текот на неговиот мандат нема изречено укажувања на вработени за несоодветно однесување.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Директорот реализирал повеќе активности, најголем дел за подобрување и осовремување на инфраструктурата во училиштето, но и за подобрување на квалитетот на воспитно – образовниот процес на училиштето. Директорот обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Покрај средствата од МОН училиштето обезбедува дополнителни средствапреку донации кои се во репроматеријали обезбедени од страа на директорот на училиштето. Директорот учествува во работата на Наставнички Совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница. Директорот има визија за подобрување на условите за работа во училиштето, особено во делот на инфраструктурата и обебзедување нагледни средства за подобрување на квалитетот на наставата. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, со конкретно определени стратешките цели и задачи, како и приоритетите за развој по години.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно образование со бр. 10-47/1 од 30.01.2024 до 2026 година. Училиштето нема програма за професионален развој на вработените, која треба да е дел од Годишната програма за работа на училиштето.

При одлучувањето и изготвувањето на плановите, директорот ги информира вработените, родителите и учениците на соодветно ниво со дирекна комуникација, соопштенија и информации. Постои отвореност и добра соработка со советот на родители и учениците.

Инаку иселувањето на учениците и нивните родители преставува голем проблем во работењето на училиштето.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Во годишната програма за работа целите за тековната учебна година се прецизирани преку задачи и активности со временски рамки за постигање на поставените цели и се дел од Програмата за развој на училиштето. Фокусот на целите е подобрување на условите за работата во училиштето,

Унапредување на воспитно- образовната работа и Развивање на училишна политика за раководење и за унапредување на соработката со родителите и со другите надворешни лица.

Постигањата на целите системски се следат, евалуираат и се врши квалитативна анализа. Поголемиот број од стратешките цели се во фаза на реализација.

Сите структури во училиштето (наставен и раководен кадар, родители и ученици) се запознаени со целите креирани од училиштето, начинот на нивно постигање и очекуваните ефекти. Сите наставници активно учествуваат во постигање на поставените цели. Училиштето ги зема во предвид ставовите на родителите и учениците.

Приоритетите во училиштето се планираат врз основа на објективна анализа на состојбата на училиштето содржано во самоевалуацијата на работата во претходните две учебни година.

Програмата за развој на училиштето ги содржи јасно дефинираните приоритети од самоевалуација на училиштето во развојни цели, конкретни цели и активности за постигање на поставените цели во определена временска рамка. Развојните цели се дефинирани во Годишната програма за работа на училиштето и ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето. Со програмата за развој и динамиката на реализација запознаени се родителите и учениците преку ученичката заедница.

Во извештајот за работа на училиштето во изминатиот период направен е детален преглед на реализираните активности и нивото на постигање на целите од програмата за развој на училиштето. Запазена е динамиката и постапноста на активностите.

Професионалниот развој, стручно усовршување на кадарот е во голема мера задоволува, училиштето ги задоволува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар според динамиката на Бирото за развој, а истите се со намален интензитет по одредени наставни предмети неколку години нема симинар или посета од соодветен советник.

Во училиштето има посета од советник само во делот на новите наставни програми и за МИО активностите. Училиштето има развионо политика за интерни обуки и проекти во кои се вклучени стручната служба и поголем број од наставниот кадар .

Училиштето има процедури за утврдување на потребите за усоршување на наставниот кадар и професионален развој на наставниците.

Потребите од материјално технички средства редовно се идентификува, континуирано се планира и во поголем дел се обезбедува. Во период од три години во училиштето се извршени повеќе градежни работи кои се финансирани по пат на донации обезбедени од страна на директорот и тоа во последните две години реализирани се следните градежни и инфраструктурни активности:

- Комплетно реновирање во централното училиште на две училници во одделенска настава и три чилници во предметна настава;
- Реновиран и целосно опремен со донации кабинетот по природни науки;
- Реновиран кабинетот по информатика;
- Комплетно реновирање и доопремување со мебел и техничка опрема и збогатување на библиотечен фонд во библиотеката;
- Реконструкција на просторија и нејзино целосно опремување (сензорна соба);
- Реновирање на две училници во с.Дрвош;
- Со донации обезбедени се музички инструменти за подобрување на секцијзта „хор и оркестар“ како и квалитетот на редовната настаа;

Директорот за потребите на училишптето и наставниот процес има обезбедено донации 10 компјутери и 2 печатари како и делови за поправка на расходувани компјутери. По пат на донации обезбедени се и 10 клупи, 10 табли средни, 4 мали табли и 4 големи табли, 15 рипстоли за адаптираната просторија по физичко образование и 4 пинг-понг маси. Обезбедено е и аголно биро со компјутер и звучници за сензорна соба. Обезбедено е и 1 лаптоп и 1 прожектор. Со донации обезбедени се и 15 шкафчиња за учениците од прво одделение. Има донации наставно нагледни средства за подобрување и осовременување на наставата. Обезбедено е и донации (витрини за училишен инвентар) како и донација разглас во училиштето.

Директорот на училиштето има поддршка во раководењето и реализирањето наобразовната политика од сите структури на училиштето

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1 Силни страни

- ✓ **Добра интеракција помеѓу наставниците и учениците во процесот на наставата;**
- ✓ **Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето.**
- ✓ **Директорот на училиштето има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.**
- ✓ **Добра професионална соработка меѓу вработените.**
- ✓ **Високо ниво на почитување помеѓу наставниците и учениците.**
- ✓ **Добро организирани хуманитарни акции за социјално загрозени ученици;**
- ✓ **Добри просторни услови за работа;**
- ✓ **Училиштето е безбеден простор за изведување на настава.**
- ✓ **Високо ниво на почитување помеѓу наставниците и ученици**
- ✓ **Добра соработка со локалната самоуправа и деловната заедница.**

## 8.2 Слаби страни

- ✓ **Училиштето не реализира заеднички активности во рамките на Проектот МИМО со партнерското училиште „Видое Подгорец“ од Колешино;**
- ✓ **Училиштето нема училишна спортска сала во централното училиште и во дел од подрачните училишта нема адаптитана просторија за изведување на наставта по ФЗО;**
- ✓ **Во дел од подрачните училишта воспитно-образовната наставата се одвива во лоши просторни услови;**
- ✓ **Реализација на мал број вонннаставни активноси и часови од дополнителната настава;**
- ✓ **Мала застапеност со ИКТ опрема**
- ✓ **Мал број на ученици во паралелките.**
- ✓ **Небезбеден доспатност на храна за учениците**
- ✓ **Недоволна сообрќајна безбедност околу училиштето**

## 8.3 Препораки

- ✓ **Училиштето да се вклучи во реализација на заеднички активности во рамките на проектот МИМО со партнерското училиште „Видое Подгорец“ од Колешино;**
- ✓ **Да се изгради спортскасала во централното училиште и во дел од подрачните училишта да се адаптира просторија за изведување на наставата по ФЗО;**
- ✓ **Да се обезбедат сооветни просторни услови за реализација на наставата во дел од подрачните училишта;**
- ✓ **Да се обезбеди реализација на поголем број воннаставни активности и реализација на часови од дополнителна настава;**
- ✓ **Да се подобрат условите за реализација на настава во дел од подрачните училишта.**
- ✓ **Да се обезбеди безбедна храна за учениците**
- ✓ **Поголема застапеност со ИКТ опрема**
- ✓ **Поголема сообрќајна безбедност околу училиштето**

| | |
|---|---|
| Викица Манолева Петрова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Драган Бојманлиев,Член | |
| ЃорѓеЗдравев, Член | |